# З А П И С Н И К

Од четириесет и осма седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 27.06.2025 година, (петок) со почеток во 14.00 часот во просториите на општина Брвеница

Присутни: 12 советници.

Отсатни; Дончо Симјановски, Агнеса Зенуни и Адем Јетмир Јашари

Седницата ја отвори и со неа раководеше Председателот на Советот кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување и кажа дека има уште две дополнителни точки. Едната е Одлука за постапка за јавна набавка со преговарање без објавување оглас за отклонување на водоснабдителен проблем во с.Милетино,,, втората е барање за исклучување од улично осветлување од страна на лицето Исмаил Асани од С.Челопек.

Председателот на Советот праша дали има уште некоја измена и дополнување на дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, Председателот на Советот дневниот ред го стави на гласање и истиот едногласно се усвои од присутните советници.

Како и секогаш пред да започне Советот следуват советнички прашања, јас тука би сакал да кажам нешто, имам забелешка од страна на жителите на с.Челопек, како што знаете во летниот период кај делот кај што се фрла отпадот кај нас таканаречен Муратски дол се загадува средината, предлагам општината да превзема мерки да го зголеми инспекцикиот надзор и да биде средено за жителите кои живеат тамо.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред :

**1.**Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и седмата седница на Советот на општина Брвеница.

2. Предлог- Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2026 година.

3.Предлог-Одлука за преземање на водоводниот систем во стопанисување и менаџирање од страна на општината, преку ОЈП Вардар Брвеница.

4. Предлог-Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за ООУ ,,7 Марси,, за 2026 година.

5.Предлог-Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за ООУ ,,Гоце Делчев,, за 2026 година.

6.Предлог-Одлука за изработка на **Стратегија на локален економски развој** во четири годишен период 2025-2029 од страна на Институтот за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 денари од горе наведениот институт.

7.Предлог-Одлука за изработка на **Локална стратегија за развој на рурален туризам во општина Брвеница 2025-2029** во четири годишен период од страна на Институт за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 ден од горе наведениот институт.

8.Предлог-Одлука за изработка на **Стратегија за рурален и социјален развој 2025-2029** на општина Брвеница во четири годишен период од страна на Институт за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 ден од горе наведениот институт.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред ,, Разгледување и усвојување на записникот од четириесет и седма седница на Советот на општина Брвеница.

Председателот на Советот ја прочита истата и праша дали има забелешки на записникот.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, Председателот на Советот точката ,, Усвојување на записникот од четириесет и шеста седница на Советот на општина Брвеница,, ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од присутните советници.

**II**

По однос на втората точка од дневниот ред ,, . Предлог- Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2026 година,,

Председателот на Советот збор и даде на Претставничката од претпријатието да образложи по однос на точката.

Претставничката од претпријатието зеде збор и кажа, од вас бараме да биде прифатен планот за вработување за 2026 год.тоа ќе биде само за еден читач за водомер, ова го правиме да бидеме законски поткрепени бидејќи знаеме дека започнуваат на есен локалните избори па да да бидеме навремено спремни. Ова е првично а потоа ако има

измени или дополнувања може да правиме корекции, но прво мора да ни помине планов па потоа нешто следно ако имаме потреба во текот на наредната година.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука со која се дава согласност на Годишниот План за вработување за ОЈП ВАРДАР Брвеница за 2026 година ,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**III**

По однос на третата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за преземање на водоводниот систем во стопанисување и менаџирање од страна на општината, преку ОЈП Вардар Брвеница,,

Председателот на Советот кажа, жителите од село Волковија тие сами се подготвени дека менаџирањето на водата неможат сами да го спроведат и сакаат да препуштат на општината, што значи ќе се додаде уште едно село а тоа е с.Волковија.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, во врска со менаџирањето на водата не само за С.Волковија, тука е и с.Челопек каде што сам менаџира со водата. Ме интересира како оди со плаќањето со струјата, и во која состојба е ставено менаирањето со водата. Да знаеме во каква состојба ги превземаме ние како општина, да знаеме дали имаат долгови или не. Не се работи само за ова село туку општо за сите села што се под нашата општина.

Збор зеде Председателот на Советот и кажа, во врска со прашањето од страна на советникот, општината има евидентирано со кој долг и на кој начин каде што во можностите на општината тие ќе помогнат бидејчи неможат да ги остават жителите така. За други подетални информации ќе добиеме или писмено или на друг начин. На следната седница ќе имаме образложение.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука за преземање на водоводниот систем во стопанисување и менаџирање од страна на општината, преку ОЈП Вардар Брвеница ,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**IV**

По однос на четвртата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за ООУ ,,7 Марси,,  за 2026 година.,,

Председателот на Советот зеде збор и кажа, секогаш кога се обраќате со барањата нетреба да стои до Градоначалникот туку треба да се обратите До Советот, бидејќи Советот е основач на општината.

Председателот на Советот збор му даде на председателот на комисијата за општествени дејности.

Председателот на Комисијата за општествени дејности зеде збор и кажа, оваа точка помина во комисијата но немаше кој да ни ја образложи точката. Се надевам дека сега Директорот ќе ни образложи по однос на истата.

Директорот на училиштето зеде збор и кажа, нашето училиште има потреба од две вработувања, еден сметководител и еден технички вработен-хигиеничар. Сега работата на сметководителот ја работи друг административен работник но нас ни треба лице кое што ќе ја води сам работата и ќе биде задолжен за тоа. А што се однесува за другото вработување за технички персонал, ние стварно имаме потреба од ова вработување од хигиеничар за училиштето.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Злате Китаноски и кажа, колку што разбрав едното вработување е поради пензионирање а другото е ново вработување, тоа малку не ми беше јасно.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката  ,, Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за ООУ ,,7 Марси,,  за 2026 година. ,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници.

**V**

По однос на петтата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за ООУ ,,Гоце Делчев,, за 2026 година,,

Председателот на Советот збор му даде на Председателот на комисијата за општествени дејности.

Председателот на комисијата за општествени дејности кажа, и оваа точка помина на комисијата како и претходната, исто немавме кој да ни ја образложи се надеваме дека сега ќе ни објаснат за што станува збор.

Претставникот од училиштето зеде збор и кажа, согласно со реалните потреби на нашето училиште, предвидуваме вработување на хигиеничар поради тоа што во подрачното училиште во С.Волковија, сегашниот вработен како хигиеничар заминува во пензија.

Секако за клучната хигиена на училиштето и за здравјето на децата и наставниците потребно ни е вакво лице за работа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за ООУ ,,Гоце Делчев,, за 2026 година,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**VI**

По однос на шестата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за изработка на **Стратегија на локален економски развој** во четири годишен период 2025-2029 од страна на Институтот за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 денари од горе наведениот институт.

Председателот на Советот збор му даде на председателот на Комисијата за урбанизам.

Председателот на Комисијата за урбанизам зеде збор и кажа, комисијата ја помина оваа точка каде што ни беше образложено по однос на истата.

Претставникот од проектот ни образложи по однос на точката и кажа, стратешките документи што сме во фаза на пишување се од голема важност, поради тоа што големи средства од Европската Унија се губат бидејќи општините ги немаат тие документи.

На пример при секоја апликација треба да се има основ зашто се аплицира, ако се аплицира во европски фондови се бара основ од каде ни е идејата, дали на некој член од лер или на некој раководител да аплицира во било каков фонд и дали го има тоа во стратешкиот документ наведено како приоритет. Работата на институтот е стратешките документи, тие се три тематски и мултисекторски да се обиде да го направи што е можно поопширно и потематско објанување. Со вашата општина веќе сме во фаза на апликација на три проекти, тие на комисија ќе стигнат во декември, што значи сега е фазата на пишување, нареден месец се аплицира, додека пак дополнителните документи ќе ни ги бараат до декември. Овие документи ќе бидат важечки во наредните 4 години не се само за овој повик, документите се битни за општината за секоја апликација. Документациски да сме спремни и покомплетни и резултатите ќе бидат позитивни.

Председателот на Советот отвори расправа.

Председателот на Советот зеде збори и кажа, сакам да прашам што добиваат граѓаните со овој проект и дали општината има трошак.

Претставникот од проектот зеде збор и кажа, општината ќе аплицира со вкупна вредност од 450.000 евра. Има кофинансирање од 15 %, меѓутоа на општината нема тоа да го осети бидејќи има решение како да го покриеме кофинансирањето. Општината ќе аплицира на оваа сума, на овој фонд, ама од свој Буџет нема ништо да троши.

Кофинансирањето како опција е решено, а добивката за граѓаните и општината е следна: надградба на капацитетите на човечките ресурси за аплицирање на проекти, на еден проект општинатаќе добие три дополнителни акциски планови подготвени од страна на италијански експерти кои ќе го водат проектот, ние нив ќе ги следиме а во текот на следењето. Во табелата на бодување вие како општина од Полошкиот реон имате предност, поради тоа што статистички сте понеразвиена зона. Ако според документите и според оваа табела сме први имаме предност пред другите.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука за изработка на **Стратегија на локален економски развој** во четири годишен период 2025-2029 од страна на Институтот за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 денари од горе наведениот институт,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници,, .

**VII**

По однос на седмата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за изработка на **Локална стратегија за развој на рурален туризам во**
**општина Брвеница 2025-2029** во четири годишен период од страна на Институт за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 ден од горе наведениот институт. ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

Председателот на Советот кажа, по однос на оваа точка од страна на Претставникот од проектот ни беше образложено во предходната точка.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката ,, Одлука за изработка на **Локална стратегија за развој на рурален туризам во**
**општина Брвеница 2025-2029** во четири годишен период од страна на Институт за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 ден од горе наведениот институт,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните советници.

**VIII**

По однос на осмата точка од дневниот ред ,, Предлог-Одлука за изработка на **Стратегија за рурален и социјален развој 2025-2029** на општина Брвеница во четири годишен

период од страна на Институт за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 ден од горе наведениот институт.

Председателот на Советот кажа, како и предходните две точки што ни беа образложени во едно така и за оваа беше објаснето во иститте, така да наше е да ги гласаме посебно.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката ,, -Одлука за изработка на **Стратегија за рурален и социјален развој 2025-2029** на општина Брвеница во четири годишен период од страна на Институт за одржлив развој ИОР во износ од 300.000 денари финансирано од страна на општина Брвеница и 60.000 ден од горе наведениот институт.,, ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници

**IX**

По однос на деветтата и дополнителна точка од дневниот ред ,,Предлог-Одлука за постапка за јавна набавка со преговарање без објавување оглас за отклонување на водоснабдителен проблем во с.Милетино,,

Председателот на Советот кажа, како што знаете пумпата се расипа и треба да се среди да се купи нова со се монтажа, за да не останат жителите без вода на ова топло време. Имаме фирма што донела понуда за сето тоа со прифатлива цена.

Председателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Председателот на Советот точката ,, - Одлука за постапка за јавна набавка со преговарање без објавување оглас за отклонување на водоснабдителен проблем во с.Милетино,,. ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на  присутните советници

**X**

По однос на десеттата и дополнителна точка од дневниот ред , Барање за исклучување од улично осветлување од страна на лицето Исмаил Асани од С.Челопек ,, .

Председателот на Советот зеде збор и кажа, ние не сме надлежни ними сме ЕВН да направиме исклучување или исклучување на уличното осветлување. Секој жител е должен да плаќа и барањето е малку нејасно.

Председателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, ако инспекторите излегуваат на терен и знаат дека не е користено јавното осветлување, затоа се јавува тој револт кај граѓаните и имаат право на тоа. Треба да се излезе на терен да се види како и што е на лице место.

Советот точката не ја прифати бидејќи не е од негова надлежност.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши четириесет и осма седница на Советот на општина Брвеница.

Записничар

Христина Радичевска

Претседател на

Совет

Бр.08-913/2

Бујамин Рушити

27.06.2025 год. Брвеница